# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ


| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**<br>**Излегува по потреба**<br>**Рок на рекламации 15 дена** | **30.04.2018**<br>**Ростуше**<br>**Број 5**<br>**Год.XXIII** | **e-mail:**mavrovorostuse@yahoo.com**Тел:(042)478–814; 478–815** |


**Ростуше, 30 Април 2018 година**

**81.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за изработка на „Локална урбанистичка планска документацијс(ЛУПД) за КП 269 и КП 320/1 Аџиевци Општина Маврово и Ростуше со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за изработка на „Локална урбанистичка планска документацијс(ЛУПД) за КП 269 и КП 320/1 Аџиевци Општина Маврово и Ростуше со намена Г2-лесна незагадувачка индустрија, број 08-142/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-тата редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/1 — Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и член 25 точка 7 од Статутот на општина Маврово и Ростуше (Сл. Гласник на Општина /пречистен текст/ бр. 03/2015) , Советот на општина Маврово и Ростуше на седница одржана на ден 24.04.2018 год. донесе

О Д Л У К А
за изработка на „Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) ,
за КП 320/2 и дел од КП 269 и КП 320/1КО _Аџиевци Општина _Маврово и Ростуше"
со намена_Г2-лесна и незагадувачка индустрија,

Член 1

Советот на општина Маврово и Ростуше, утврдува потреба од изработка на ЛУПД за КП 320/2 и дел од КП 269 и КП 320/1 КО _Аџиевци Општина _Маврово и Ростуше", со намена_Г2-лесна и незагадувачка индустрија, (на имот на Република Македонија), со површина од ~ 4,2 ха. .

Член 2

Градоначалникот на општина Маврово и Ростуше, преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина-Маврови Анови, се овластува да спроведе постапка за донесување на ЛУПД согласно член 46 од Законот за Просторно и Урбанистичко Планирање (Службен Весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објевување во Службен гласник на општина Маврово и Ростуше .

Бр.08-142/3 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. — П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

**82.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина

Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за определување на проектен циклус со која ќе аплицира пред ЕИБ (Европска инвестициона банка)

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за определување на проектен циклус со која ќе аплицира пред ЕИБ, број 08-130/4 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата редовна 9-тта седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/2 — Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.м. бр. 5/2002) и член 25 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Сл. Гласник на општина Маврово и Ростуше 03/2015 пречистен текст), Советот на општина Маврово и Ростуше на својата редовна седницаодржана на ден 24.04.2018 год. ја донесе следната

О Д Л У К А
за определување на приоритетен проект со кој ќе аплицира пред ЕИБ

Член 1
За приоритетен проект со кој Општина Маврово и Ростуше ќе аплицира за средства одобрени од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) се определува проектот :

- ***Изработка на проектна документација и изградба на дел од фекална канализациона мрежа со пречистителна станица за населено место Маврови Анови***

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше .

Бр.09-142/4 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. — П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

**83.**
Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за организирање на театарска престава

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиски средства за организирање на театарска престава, број 08-130/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата редовна 9-та седница, одржана на ден 24.04.2018 година.
Бр.09-149/3 — Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства за организирање на театарска престава

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 17.736,оо денари за организирање на две театарски престави за учениците од основните училишта од Општина Маврово Ростуше на "Голд Консалтинг" од Скопје.

Член 2

Паричните средства ќе бидат исплатени на "Голд Консалтинг" во износ од 17.736,оо денари по достава на фактура за Авторски надоместок за изведување на театарска престава за деца "Волшебната шума". Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на Општината за 2018 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Бр.08-142/5 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**84.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на еднократна парична награда за најдобри ученици во СОУ „Маврово-Ростуше" за учебната 2017/18 година.

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на еднократна парична награда за најдобри ученици во СОУ „Маврово и Ростуше" за учебната 2017/18 година, број 08-142/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/4 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 39 и 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За одобрување на еднократна парична награди за најдобри ученици во СОУ „Маврово-Ростуше“ за учебната 2017/18 година.**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат четири еднократни парични награди во износ од по 8.000,00 денари за прогласените најдобри ученици за учебната 2017/18 година во СОУ „Маврово-Ростуше“ од с.Ростуше. И една еднократна парична награда на ученик на генерација во износ од 12.000,оо денари.

Член 2

Наградата се одобрува на предлог на комисија за избор на Ученик на година и Ученик на генерација а согласно предходно утврдени критериуми за избор на најдобри ученици.

Согласно критериумите за најдобри ученици се избрани следните

1. Алма Исеини најдобар ученик во прва година.
2. Мевлуда Селими најдобар ученик во втора година
3. Минеса Елмази најдобар ученик во трета година
4. Анеса Адеми најдобар ученик во четврта година
5. Елдина Ибраими ученик на генерација.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' а ќе влезе во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување.

Бр.08-142/6 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**85.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на службено патување во Градоначалникот во странство Република Турција

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на службено патување на градоначалникот во странство Република Турција, број 08-142/7 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/5 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на ллен 36,став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ,,/Сл.Весник на РМ,, број 05/2009 и член 25 став 1 , точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша сл.гласник бр.03/2005 а во согласност со член 5 и 9 од Уредбата за издтоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на државнмата управа им се признаваат во тековни трошоци /,,Сл.Весник на РМ,, бр.50/00 и 74/02/, Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 24.04.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување на службено патување во странство**
**Република Турција**

Член 1

Со оваа одлука му се одобрува службено патување на Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше Медат Куртовски**,** во Република Турција во градот Измир во периодот од 26.04.2018 год до 01.05.2018 година, вкупно ќе се задржи 4 работни дена, а со цел учество на иселеничка средба на покана од Асоцијацијата МАКИТТУРК – Скудриње со седиште во Видор, Република Италија.

Член 2

Тековните трошоци за патување се на трошак на општина Маврово и Ростуше .

Дневницата за службеното патување ќе биде исплатена во износ од 50% или во износ од 164,оо евра предвидена за државата во која се патува, односно ќе бидат исплатени согласно Решението за изменување на Решението за највисоки износи на дневници за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци /Сл.Весник на РМ,, бр. 49/2004/.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше,,.

Бр.08-142/7 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**86.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2018 година.

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2018 година, број 08-142/8 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/6 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

O D L U K A

za izmena na rasporedot na sredstvata na Buxetot na Op{tina Mavrovo i Rostu{e
za 2018 godina

^len 1

So ovaa odluka se vr{i izmena na rasporedot na sredstvata na Buxetot na Op{tina Mavrovo i Rostu{e za 2018 godina na sledniot na~in :

Potprograma
Potstavka SAMOFIN. DOTACII BUGET DONACII KREDITI
A00 SOVET NA OP{TINA
461130 Subvencii za javni komunalni pretprijatija 440.000 0 0 0 0
464990 Drugi transferi -440.000 0 0 0 0
0 0 0 0 0

Бр.08-142/8 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**87.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука за пристапување кон измена на дел од урбанистичи план за с.Скудриње

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за пристапување кон измена на дел од урбанистички план за с.Скудриње, број 08-142/9 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/7 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 7 точка 2, член 21 став 1, член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“ Сл. Весник” на Р.М. бр. 60/11 – пречистен текст) , член 37 точка 7 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше ( “Сл.Гласник” бр. 3/06) а во врска со член 2 алинеа 4 од Правилникот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“ Сл.весник” на Р.М. бр. 56/11) Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 24.04.2018 год. донесе:

О Д Л У К А
За пристапување кон измена на дел од Урбанистичкиот план за с.Скудриње

Член 1

Со оваа одлука се пристапува кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за село Скудриње.

Кон оваа измена се пристапува по иницијатива на Општина Маврово и Ростуше. Измената на Урбанистичкиот план за с.Скудриње, се прави со цел фклопување на објект во постојаната урбанистичко планска документација за с.Скудриње, заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“ Сл.весник” на Р.М. бр. 23/11, 54/11 и 56/11).

Член 2

Одлуката се донесува заради промена на намената на просторот во Урбанистичкиот план за с.Скудриње каде што според досегашната намена е Е1 – сообраќајна инфраструктура а ќе се пренамени на А1 – индивидуално домување, само на делот од просторот каде се наоѓа објектот за која се води постапка за утврдување правен статус на бесправно изграден објект.

Член 3

Со оваа одлука се врши измена на планот за дел од КП. Бр.2570 КО Скудриње, објект означен согласно геодетски елаборат за посебни намени – за легализација на бесправно изграден објект, бр. 0803 – 118/3 од 13.10.2015 година изработен од “ГЕО ПРО ИНГ” - Гостивар.

Член 4

Одлуката произведува правно дејство со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во “Службен гласник” на Општина Маврово и Ростуше.

Бр.08-142/9 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. — П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош за потребите на ваковскиот одбор село Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска помош за потебите на ваковскиот одбор село Ростуше, број 08-142/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/8 — Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош за потребите на ваковски одбор село Ростуше

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ до 30.000,00 денари за потребите на ваковскиот одбор од с.Ростуше.

Член 2

Средствата се одобруваат врз основа на поднесено писмено барање од вакоскиот одбор со намна за уредување на селските гробишта и старата џамија. Средствата со

оваа одлука ќе бидат донирани во градежни материјали а на терет на Буџетот на општината за 2018 година.



Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’.

Бр.08-142/10 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**89.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош за поправка на полициско службено возило

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска помош за поправка на полициско службено возило, број 08-142/11 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/9 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

финансиска помош за поправка на Полициско службено возило

Член 1

Со оваа Одлука се доделува финансиска помош за поправка на Полициско службено возило во висина од 30.000,оо денари.

Член 2

Финансиските средства од член 1, ќе се издвојат и исплатат од Буџетот на Општината Маврово Ростуше за 2018 година.А се одобрени врз основа на поднесесено барање од Полициско одделение Ростуше.

Член 3

Финансиските средства ќе бидат исплатени по добивање на фактура за извршената оправка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше”



Бр.08-142/11 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**90.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош субвенција на индивидуален сточар

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска помош субвенција на индустриски сточар, број 08-142/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/10 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 29 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година/, Советот на Општината на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За субвенција на Индивидуален сточар

Член 1

Со оваа одлука се субвенционира со износ од 7.000,оо денари, Индивидуалниот сточар Асани Илмија за потребите за оградување на трлото.

Член 2

Сретствата одобрени со оваа одлука ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година. На трансакциска сметка бр. 200001535778197 Стопанска банка АД – Скопје . ЕМБ на подносителот на барањето 2707952473038.

Член 3

Индивидуалниот сточар Асани Илмија од село Велебрдо поднесе барање за финансиска помош за оградување на трлото за заштита на неговото стадо од напад на диви животни

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Бр.08-142/12 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..



**91.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на асоцијацијата МАКИТУРК од с.Скудриње со седиште во Видор Република Италија

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на асоцијацијата МАКИТУРК од с.Скудриње со седиште во Видор Република Италија, број 08-142/13 што

Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/11 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа/ Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на финансиска поддршка на Асоцијацијата МАКИТТУРК од Скудриње со седиште во Видор Р. Италија**

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 60.000,00 денари на Асоцијацијата МАКИТТУРК од Скудриње со седиште во Видор за организирање на меѓународна манифестација која ќе се одржи во ИЗМИР Р.Турција.

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање на Асоцијацијата МАКИТТУРК од Скудриње.

Средствата ќе бидат наменети за превоз и ќе бидат префрлени на превозникот Хисари – Гд Дооел Дебар по фактура бр.103/18-У. На трансакциска сметка бр. 200-0012381366-07 Стопанска банка А.Д. Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Бр.08-142/13 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

92.
Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина

Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на парична помош за лекување (Давидовска Лојза од с.Маврово ), број 08-142/14 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 9-та редовна седница, одржана на ден 24.04.2018 година.

Бр.09-149/12 Општина Маврово и Ростуше
26.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ број 05/2002) а во согласност со член 15, став 1, точка 7 и член 25, став 1 точка 42 од Статутот на Општината Маврово и Ростуше ( пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година).
Советот на Општината на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За одобрување на парична помош за лекување

Член 1
Се одобрува парична помош во износ од 40.000,оо денари за лекување на Давидоска Лојза од с. Маврово од Општина Маврово и Ростуше. Средтвата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година а ќе бидат наменети за лекување односно оперативен зафат на двете очи

Член 2
Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 13.04.2018 година од страна на нејзиниот сопруг Миле Давидоски и медицинска документација . Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на трансакциска сметка 210501683846135 НЛБ Банка и ЕМБ 1610954478013.

Член 3
Оваа одлука ќе биде објавена во "Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше" а ќе блезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-142/14 Совет на Општина Маврово и Ростуше
24.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

==========================================================

**С О Д Р Ж И Н А**

**81.** за изработка на „Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) ,за КП 320/2 и дел од КП 269 и КП 320/1КО _Аџиевци Општина _Маврово и Ростуше"со намена_Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Анови**.......................................................................................104**
**82.** Одлуката за определување на проектен циклус со која ќе аплицира пред ЕИБ (Европска инвестициона банка)18 година............................................................... **.............................105**
**83.** Одлуката за одобрување на финансиски средства за организирање на театарска престава **........................................................................................................................ 106**

**84.**Одлука за одобрување на еднократна парична награда за најдобри ученици во СОУ „Маврово-Ростуше“ за учебната 2017/18 година.**.......................................................107**
**85.** Одлуката за одобрување на службено патување во Градоначалникот во странство Република Турција........................................................................**..........................................108**
**86.** Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2018 година..................................................,...............................................................109
**87.** Одлука за пристапување кон измена на дел од урбанистичи план за с.Скудриње....., .. 109
**88.** Одлуката за одобрување на финансиска помош за потребите на ваковскиот одбор село Ростуше……………....................................................................................................,... **110**
**89**. Одлуката за одобрување на финансиска помош за поправка на полициско службено Возило……………………………………………**..............................................................,....... .111**
**90.** Одлуката за одобрување на финансиска помош субвенција на индивидуален сточар… 112
91. Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на асоцијацијата МАКИТУРК од с.Скудриње со седиште во Видор Република Италија…………………………………………… 113
92. Одлуката за одобрување на парична помош за лекува……………………………………..114
==============================================================

**ИЗДАВА И УРЕДУВА СЛУЖБА НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**